РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 25-та седница одржана на 12.11.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-2601/1 од 01.10.2025 година, оформен по доставена пријава против Општина ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2601/1 од 01.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава против Општина ---- и оформен е предмет бр. 12-2601/1 од 01.10.2025 година.
Наводите во пријавата укажуваат дека Општина ---- на ден 02.06.2025 година, објавила Оглас за доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општината за учебната 2025/2026 година. Подносителот навел дека согласно точка 6 од огласот, рокот за поднесување на

документите бил периодот од 02.06.2025 година до 25.06.2025 година, додека сведителствата на учениците им биле доделени на 28.06.2025 година, додека на 08.07.2025 година на веб страната бил објавен список на добитници на стипендии (вкупно 51 ученик). Подносителот навел и дека постоела измена на Огласот во однос на рокот којашто никаде не била објавена и како резултат на истото постоеле оправдани сомневања дека постапката е избрзана, нетранспарентна и спроведена спротивно позитивните законски норми. Дополнително, на ден 18.09.2025 година, во пресрет на Локалните избори, Градоначалникот организирал јавен настан каде ги доделувал стипендиите за талентирани ученици.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации до Општина ----.
Од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

- Доставена е Програма за активностите на Општина ---- во областа на образованието за 2025 година, донесена на педесет и осмата седница на Советот на Општина ----, одржана на 17 декември 2024 година, во која во глава II – Проектни активности, во точка 6 – Стипендии за талентирани ученици од основните училишта, предвидени се стипендиите за талентирани ученици од основните училишта, за ученици од 8 (осмо) и 9 (деветто) одделение од училиштата на територија на Општина ----, жители на Општина ----, за постигнати резултати од областа на науката, литературата, техниката, културата и уметноста за учебната 2025/2026 година.

- Постапката за доделување на стипендии е започната и завршена пред распишувањето на локалните избори 2025 година на ден 09.08.2025 година. Имено, Одлуката за објавување на оглас за доделување на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

стипендии за талентирани ученици од основните училишта на територија на Општина ---- за учебна 2025/2026 бр. 11-5233 е донесена на 28.05.2025 година

- Огласот ниту еднаш не претрпел измени. Согласно огласот како услови за доделување стипендија се учениците да се жители на Општина ----, да се редовни ученици во VIII или IX одделение во основните училишта на територија на Општина ----, да имаат освоено I, II или III место на акредитирани натпревари и да имаат оствариено континуиран одличен успех во VI и VII одделение за ученици од VIII одделение, односно во VI, VII и VIII одделение за ученици од IX одделение. Критериуми за доделување стипендија се:
- Отворањето и разгледувањето на доставените документи е одржано на 02.07.2025 година. Настанот за прогласување на доделените степендии е дел од годишната програма на општината.

Согласно наведеното, ДКСК утврди дека посочената активност - доделување на стипендии за талентирани ученици од основните училишта во општина ---- е планирана активност во Програмата за активностите на Општина ---- во областа на образованието за 2025 година донесена во 2024 година, што укажува дека нема прекршување на законските одредби за време на изборниот процес.
Исто така, ДКСК утврди дека неоснован е наводот кој се односува на критериумот за остварување на континуиран одлучен успех во време кога сеуште не се доделени сведителства за тековнат учебна година 2024/2025, од причина што во огласот е утврдено кандидатите се обрзани да достават свидителствата како доказ за континиран одличен успех остварен во претходните учебни години 2022/2023 и 2023/2024 (свидетелства од VI и VII за ученици од VIII одделение и свидетелства од VI, VII и VIII за учениците од IX одделение во фотокопии).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи во предвид горенаведено, ДКСК утврди дека наводите во пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерес, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk